Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИТЕ НАДОМЕСТОЦИ НА ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ДРУГИТЕ ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКАТА**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 5 октомври 2007 година.

Бр. 07-4276/1
5 октомври 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИТЕ НАДОМЕСТОЦИ НА ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ДРУГИТЕ ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКАТА**

Член 1

Во Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката ("Службен весник на СРМ" број 36/90 и "Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 23/97, 37/2005 и 84/2005), по Дел "V. Надоместок на определени материјални трошоци и други примања" се додава нов дел V-а со пет нови члена 29-а, 29-б, 29-в, 29-г и 29-д, кои гласат:

"V-а Надоместоци на членовите на советите на општините и на членовите на Советот на градот Скопје.

Член 29-а

На членовите на советите на општините и на членовите на Советот на градот Скопје им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок на патните и дневните трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овој член се обезбедуваат во буџетот на општината и во Буџетот на градот Скопје.

Член 29-б

Месечниот надоместок за присуство на седници на советот се утврдува во процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година, но не повеќе од 70%.

Висината на месечниот надоместок за присуство на седниците се утврдува со одлуката за извршување на буџетот на општината и Буџетот на градот Скопје.

Член 29-в

На претседателите на советите на општините и на претседателот на Советот на градот Скопје, за раководењето и организирањето на работата на советот, надоместокот од членот 29-б се зголемува за 30%.

Член 29-г

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 29-д

На членовите на советите на општините и на членовите на Советот на градот Скопје им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација и во администрацијата на градот Скопје."

Член 2

Постојните одлуки на општините и на градот Скопје со кои се определени надоместоците на членовите на советите на општините и на членовите на Советот на градот Скопје ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Платата на избраните и именуваните лица во Републиката утврдена согласно со овој закон во периодот од 2007 година до 2009 година се зголемува за по 10% годишно, започнувајќи со исплатата на платата за месец септември 2007 година.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".